Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ - НАСЛОВЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПСИХИЈАТРИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2002-220/19, донесена на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 13.7.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент/насловен професор за наставно-научната област *психијатрија,* Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниов состав:

- проф. д-р Роза Крстевска, насловен вонреден професор за наставно-научната област психијатрија, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, претседател;
- проф. д-р Стојан Бајрактаров, вонреден професор на наставно-научната област психијатрија, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, член;
- проф. д-р Даниела Ристиќ-Стомнароска, вонреден професор за наставно-научната област неврологија, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Вечер” на 2.7.2026 година. Во предвидениот рок се пријави само проф. д-р Кнегиња Рихтер, редовен професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип да му го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Биографски податоци

Проф. д-р Кнегиња Рихтер е родена на 20 април 1966 година во Штип. Основното образование го завршила во ОУ „Владимир Илич-Ленин“ во Скопје со одличен успех, а средното образование во Гимназија „Јосип Броз Тито“ во Скопје, при што била ослободена од матура поради континуиран одличен успех.

Во периодот од 1984 до 1990 година студирала медицина на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со просек 8,7. Од 1990 до 1993 година работела на Клиниката за невропсихијатрија при Медицинскиот факултет во Скопје, при што се обучила за работа во областа на психијатрија, неврологија, неврофизиологија, електроенцефелографија, електромиографија, магнетната стимулација, евоцирани потенцијали, како и прегледи на автономниот нервен систем. При дејноста на Одделот за психијатрија кај проф. Кузмановски и проф. д-р Методи Чепреганов, проф. д-р Кнегиња Рихтер уште на почетокот од нејзината дејност како лекар се запознала со психијатриските заболувања, поставувањето на нивната дијагноза, како и третман на истите. Уште во текот на

студиите проф. д-р Рихтер учествувала на конгреси за студенти по медицина со научни трудови, а за време на нејзината работа на Одделот за неврофизиологија при Клиниката за невропсихијатрија таа самостојно изготвила контролна група од 55 лица за електроенцефалографија под супервизија на проф. Михаел Пасху. Во 1991 година посетувала вонредна едукација на Школата за медицински сестри во Штип со завршување на истата. Во 1992 година положила стручен испит, во 1992 година и била доделена стипендија од Министерството за наука и образование на РМ за постдипломски студии, а во 1993 година добила годишна стипендија за специјализација од Германската фондација ДААД (Служба за размена на академски урагани) на Универзитетската клиника за неврологија, Оддел за неврофизиологија при Универзитетот „Фридрих-Александар“ во Ерланген, Германија (Шангајска листа на универзитети). Во 1997 година ја одбранила докторската дисертација на Универзитетот „Фридрих-Александар“ во Ерланген, Германија, под наслов „Преглед на варијабилност на срцевата фреквенција”, интердисциплинарна тема од областа на психијатријата, неврологијата и кардиологијата (автономен нервен систем). Во 2008 година го нострифицирала докторатот од страна на Владата на Република Македонија. Од 1994 до 1997 година е на супспецијализација по сомнологија (Германска асоцијација за сомнологија). Во 2000 година положила испит и се здобила со сертификат за електроенцефалографија од Германска асоцијација за неврофизиологија. Во 2002 година го положила специјалистичкиот испит при Лекарската комора на Германија и добила специјализација по психијатрија и специјализација по психотерапија. Од 2005 до 2006 година, електронски студии при Катедра за менаџмент, Универзитет „Фридрих Александар“ Ерланген Нирнберг – Менаџмент во здравство во времетраење од четири семестри, со одличен успех. Од 1999 година, проф. д-р Рихтер работела како лекар асистент и започнала со специјализација по психијатрија и психотерапија. Од 20 април 2005 година станала раководител на Оддел за сомнологија и Лабораторија за психофизиологија и е надлежна за сите апаративно-дијагностички прегледи во Клиниката, како и за обука на специјализанти за психијатрија и психотерапија во Нирнберг, Германија. Истовремено го заменувала директорот на приватната клиника „Медицинплус“ во Нирнберг. Од 2000 до 2004 година д-р Рихтер станала експерт на Светската здравствена организација (WHO) во областа на реформите во психијатријата од кога повторно почнува соработката со македонските здравствени и научни установи, меѓу другото со Универзитетска клиника за психијатрија, како и Филозофски факултет при УКИМ и се здобила со Плакета од проф. д-р Трајан Гоцевски. Од 2004 година наваму проф. д-р Кнегиња Рихтер спроведува повеќе билатерални научноистражувачки проекти со учество на Македонија и Германија (под спонзорство на ДААД, WHO, Eli Lilly International Foundation). Проф. д-р Рихтер учествувала во Проект на Светска здравствена организација и во соработка со проф. д-р Стојан Бајрактаров активно придонесувала во основањето на првиот центар за ментално здравје во Македонија. Понатаму таа држела редовна едукација на лекари, социјални работници и среден медицински персонал во Психијатриската болница Бардовци. Во рамките на проектот на СЗО таа врши едукација и во болниците Демир Хисар и Негорци. Организира донации за Центарот за ментално здравје со цел интеграција на лица со тешки ментални заболувања и на центарот против семејно насилство.

Организира уметнички изложби на лица со ментални заболувања од Скопје, во центри за ликовна уметност во Нирнберг. Организирала стручен престој на околу 20-ина лекари, социјални работници и среден медицински персонал од Скопје во психијатриски институции во Нирнберг. Назначена е за раководител на Здружението на збратимените градови Нирнберг-Скопје и во 2009 год. се здобила со Награда „13 Ноември“ од Градското собрание на Град Скопје, како и со Награда за фикантропија од Здружението „Цира“.

Од 2006 до 2009 година била на мастер студии при Катедрата за менаџмент во здравство и при Универзитетот „Фридрих-Александар“ во Ерланген, Германија, и здобивање на титулата МНВА (Master of Health Business Administration). Во 2006 станала виш лекар - оберарцт и е одговорна за сите одделенија на Клиниката за психијатрија и психотерапија во Нирнберг.

Од 2006 до 2011 година предава како доцент на Евангелистичкиот факултет за социјална работа, како и на Факултетот за социјални науки при Универзитетот „Георг Симон-Охм“ во Нирнберг, Германија, а од 2011 година следи избор во редовен професор на истиот универзитет по областа медицина.

Од 2009 г., по покана на тогашниот ректор на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, проф. д-р Саша Митрев, таа учествува во основањето на Факултетот за медицински науки со настава на предметот Психијатрија. Под раководство на проф. д-р Никола Камчев, поранешен декан на Факултетот за медицински науки при УГД, таа е избрана во насловен доцент по психијатрија.

Проф. д-р Рихтер воспоставува соработка на УГД - Штип со Евангелистичкиот факултет во Нирнберг и ја воведува специјализацијата Ментално здравје на Вишата медицинска школа при УГД во Штип. Понатаму, таа воспоставува официјална соработка со писмен договор помеѓу Клиничкиот центар во Нирнберг и УГД - Штип, по што таа овозможува и организира стручен престој на 20-ина студенти, колешки и колеги од УГД во Клиниката во Нирнберг.

Во 2011 година ја иницира официјалната соработка помеѓу Министерството за здравство на Македонија со Клиничкиот центар во Нирнберг во чии рамки организира стручен престој на 30 лекари од Македонија во Нирнберг.

Во 2014 година следи реизбор, а во 2019 година избор во вонреден насловен професор по Психијатрија и Сомнологија на УГД.

Во 2014 година Клиничкиот центар во Нирнберг станува Приватен медицински универзитет „Парацелзус“ - ПМУ, каде што проф. д-р Рихтер станува претседател на академското тело на Универзитетот и заменик-директор на докторски студии.

Таа учествува во настава по предметот Психијатрија. Во 2018 година завршува специјализација по сомнологија при Баварската лекарска комора.

Во 2020 година одбранила хабилитација/постдокторска дисертација на Медицинскиот универзитет и се здобила со звањето приватен доцент - вениа доценди по психијатрија и е редовно вклучена во организација на модули, предавања и испити.

Од 2022 година проф. д-р Рихтер покрај нејзината дејност како редовен професор добива позиција на директор на Дневна клиника за психосоматика, психијатрија, психотерапија и сомнологија КураМед Нирнберг.

Проф. д-р Рихтер е член на едиторијален борд на две меѓународни, индексирани, peer reviewed списанија, рецензент во повеќе интернационални стручни списанија и национален координатор за Македонија и за Баварија на Европската асоцијација за предиктивна, првентивна и персонализирана медицина (ЕПМА).

Актуелно таа е ментор на шест студенти по докторски науки на ПМУ и на Техничкиот универзитет во Нирнберг.

Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за повторен избор во звање насловен вонреден професор

1. Проф. д-р Кнегиња Рихтер е насловен вонреден професор од научната област во која се избира.
2. Проф. д-р Кнегиња Рихтер го исполнува законскиот услов, има објавени научноистражувачки трудови во соодветните области во меѓународни индексирани научни списанија или меѓународни научни публикации во изборниот период, последните пет години; од кои пет научни трудови во научно списание со импакт-фактор во последните пет години (изборен период).

- ***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***
- ***Наставно-образовна дејност***

Својата академска кариера, проф. д-р Кнегиња Рихтер ја започнала како доцент од 2006 до 2011 година на Евангелистичкиот факултет во Нирнберг, како и на Техничкиот универзитет во Нирнберг. Во 2009 година следел избор во насловен доцент на УГД. Во 2011 година избор во редовен професор на Техничкиот универзитет во Нирнберг, во 2014 година реизбор и во 2019 година избор во вонреден професор на УГД. Исто така, во 2020 година следел избор во приватен доцент на медицинскиот Универзитет Парацелзус во Нирнберг, Германија. Од 2022 година станала професор во рамките на „Хајтек агенда Баварија“ (HTA) како дополнително професорско место финансирано од Слободната Држава Баварија, кое е создадено за зајакнување на идните области во истражувањето, наставата и трансферот на технологии на баварските високи школи и универзитети.

На прв циклус интегрирани студии проф. д-р Кнегиња Рихтер предава на 1. На студентите по општа медицина предмети од областите на изборот Психијатрија, Сомнологија, како и Медицинска психологија на Универзитетот „Парацелзус“ во Нирнберг; 2. На студентите по социјални науки на Техничкиот универзитет Нирнберг предмет Медицина, како и Психијатрија.

Вкупниот број на одржани часови на настава од 2020 година, па до сега, изнесува 700. Проф. д-р Рихтер завршила 55 часа обука за дидактичка настава на високообразовни институции.

Трудови објавени во стручни списанија со импакт-фактор од 2021 до 2026

2026

1. Retzer, Lukas; Graessel, Elmar; Feil, Monika; Lehmann, Robert; Stemmler, Mark; **Richter, Kneginja**. **Efficacy of an anonymous, preventive, personalized online counselling to improve shift workers‘ sleep quality**. *Scientific Reports*,

2026. DOI: 10.1038/s41598-026-64210-7

Импакт фактор: 4,9 · Тип: оригинален научен труд · **Улога:** последен (сениор) автор

Во рандомизирана контролирана студија се испитува ефикасноста на анонимно, превентивно и персонализирано онлајн советување за подобрување на квалитетот на спиењето кај работници во смени. Интервенцијата се заснова на принципите на когнитивно-бихејвиоралната терапија за несоница и е достапна без лично присуство во амбуланта. Трудот ги презентира резултатите од испитувањето чиј протокол е објавен во 2021 година во списанието Trials. Целта е да се понуди нископрагова и лесно достапна помош за група со висок ризик од нарушувања на спиењето.

2. Rinaldi, Fabrizio; Nucera, Bruna; Mariozzi, Sara; Leuci, Eleonora; Bratti, Arianna; Hitzl, Wolfgang; Ferini-Strambi, Luigi; Trinka, Eugen; **Richter, Kneginja**. **Impact of Chronotype-Based scheduling on sleep EEG in first seizure Patients**. *Epilepsy & Behavior*, 2026. DOI: 10.1016/j.yebeh.2026.111033

Импакт фактор: 2,4 · Тип: оригинален научен труд · **Улога:** последен (сениор) автор

Студијата испитува дали закажувањето на ЕЕГ-снимањето во текот на спиењето според индивидуалниот хронотип (утрински или вечерен тип) влијае на наодите кај пациенти по прв епилептичен напад. Хронотипот ја одразува природната склоност на поединецот кон одредено време на спиење и будност. Се анализира дали усогласувањето на терминот со биолошкиот ритам го подобрува дијагностичкиот принос на ЕЕГ. Резултатите имаат значење за персонализирана дијагностика во епилептологијата.

2025

3. Jesuthasan, Jenny; Moran, James K.; Doring-Brandl, Eva J.; Abels, Ingar; Kurmeyer, Christine; Starck, Annabelle; Stangier, Ulrich; Gutermann, Jana; Zier, Ulrike; Wollny, Anja; Kruger, Antje; **Richter, Kneginja**; Oertelt-Prigione, Sabine; Schouler-Ocak, Meryam.

Relationship between traumatic events, somatization, psychological distress, and quality of life in female refugees in Germany. *Frontiers in Psychiatry*, 2025. DOI: 10.3389/fpsyt.2025.1627665

Импакт фактор: 3,8 · Тип: оригинален научен труд · **Улога:** коавтор

Во мултицентрична студија се испитува поврзаноста меѓу доживеаните трауматски настани, соматизацијата, психолошкиот дистрес и квалитетот на живот кај жени бегалки во Германија. Особено внимание се посветува на родово-специфичните оптоварувања и нивното влијание врз менталното и физичкото здравје. Се анализира дали соматизацијата и дистресот посредуваат во врската меѓу траумата и квалитетот на живот. Наодите се релевантни за планирање на психосоцијална поддршка за бегалци.

4. Pourhassan, J; Hitzl, W; Langenstein, B; Erbguth, F; **Richter, K**

Pain and mental-health scores significantly different in male and female football-players with traits of decision-reinvestment, but heart-rate-variability differences are unsupported. *Scientific Reports*, 2025. DOI: 10.1038/s41598-025-19985-6

Импакт фактор: 4,9 · Тип: оригинален научен труд · **Улога:** последен (сениор) автор

Студијата ги споредува болката, показателите за ментално здравје и варијабилноста на срцевата фреквенција (HRV) кај фудбалери и фудбалерки со изразена склоност кон т.н. „decision-reinvestment“, односно свесно контролирање на движењата под притисок. Се испитуваат половите разлики во овие параметри. Резултатите покажуваат значајни разлики во болката и менталното здравје, додека разликите во HRV не се потврдени. Трудот придонесува кон разбирањето на психофизиолошките аспекти во спортската медицина.

5. Richter, Kneginja; Nunius, Sabine; Mueller, Mathias
Climate and sleep. *Somnologie*, 2025. DOI: 10.1007/s11818-025-00526-2
Импакт фактор: 0,8 · **Тип:** прегледен труд · **Улога:** прв автор

Прегледниот труд го анализира влијанието на климатските промени врз спиењето. Се разгледуваат ефектите од покачените температури, топлотните бранови и другите еколошки фактори врз квалитетот и траењето на спиењето. Посебно се истакнуваат ранливите групи на население. Се дискутираат и можните превентивни и адаптивни мерки.

2024

6. Rinaldi, Fabrizio; Ferini-Strambi, Luigi; Trinka, Eugen; **Richter, Kneginja**
Development of a German version of a single-question restless legs syndrome screening questionnaire. *Somnologie*, 2024. DOI: 10.1007/s11818-024-00487-y

Импакт фактор: 0,6 · **Тип:** оригинален научен труд · **Улога:** последен (сениор) автор

Трудот го опишува развојот на германска верзија на прашалник со едно прашање за скрининг на синдромот на немирни нозе (RLS). Целта е да се обезбеди брз и едноставен инструмент за препознавање на RLS во клиничката пракса. Се испитуваат психометриските својства и практичната применливост на верзијата. Инструментот може да олесни рано откривање на ова често недоволно дијагностицирано нарушување.

7. Smokovski, Ivica; Steinle, Nanette; Behnke, Andrew; Bhaskar, Sonu M. M.; Grech, Godfrey; **Richter, Kneginja**; Niklewski, Guenter; Birkenbihl, Colin; Parini, Paolo; Andrews, Russell J.; Bauchner, Howard; Golubnitschaja, Olga, **Digital biomarkers**. *EPMA Journal*, 2024. DOI: 10.1007/s13167-024-00364-6

Импакт фактор: 5,9 · **Тип:** оригинален научен труд · **Улога:** коавтор

Трудот ја разгледува улогата на дигиталните биомаркери, како податоци од носливи уреди и мобилни апликации, во управувањето со хроничните болести. Анализата е во рамките на концептот на предиктивна, превентивна и персонализирана медицина (3PM). Се дискутира како континуираното собирање податоци може да овозможи рано откривање и индивидуално приспособена терапија. Се даваат препораки за интеграција на дигиталните биомаркери во здравствената заштита.

8. Golubnitschaja, O; Polivka, J Jr; Potuznik, P; Pesta, M; Stetkarova, I; Mazurakova, A; Lackova, L; Kubatka, P; Kropp, M; Thumann, G; Erb, C; Fröhlich, H; Wang, W; Baban, B; Kapalla, M; Shapira, N; **Richter, K**; Karabatsiakis, A; Smokovski, I; Schmeel, LC; Gkika, E; Paul, F; Parini, P; Polivka, J

The paradigm change from reactive medical services to 3PM in ischemic stroke: a holistic approach utilising tear fluid multi-omics, mitochondria as a vital biosensor and AI-based multi-professional data interpretation. *EPMA*

Journal, 2024. DOI: 10.1007/s13167-024-00356-6

Импакт фактор: 5,9 · **Тип:** оригинален научен труд · **Улога:** коавтор

Трудот предлага промена на парадигмата од реактивна медицина кон предиктивна, превентивна и персонализирана медицина (3PM) кај исхемичниот мозочен удар. Се разгледува холистички пристап кој вклучува мултиомичка анализа на солзна течност и митохондриите како витален биосензор. Посебно место има мултипрофесионалната интерпретација на податоците поддржана со вештачка интелигенција. Целта е подобрување на предвидувањето и превенцијата на мозочниот удар.

2023

9. Licht, C; Herbrandt, S; van Meegen, C; Lehfeld, H; Hillemacher, T; **Richter, K**

A Systematic Review and Meta-Analysis of Cognitive Effects of rTMS in Caucasian Patients with Mild Cognitive Impairment. *Brain Sciences*, 2023. DOI: 10.3390/brainsci13091335

Импакт фактор: 2,7 · **Тип:** прегледен труд · **Улога:** последен (сениор) автор

Систематски преглед и мета-анализа на когнитивните ефекти на повторувачката транскранијална магнетна стимулација (rTMS) кај пациенти со благо когнитивно оштетување. Анализата е ограничена на студии со пациенти од кавкаско потекло. Се проценува влијанието на rTMS врз различни когнитивни домени. Резултатите придонесуваат кон проценката на rTMS како терапевтска опција во раната фаза на когнитивниот пад.

2022

10. Weber, Franziska C; Danker-Hopfe, Heidi; Dogan-Sander, Ezgi; Frase, Lukas; Hansel, Anna; Mauche, Nicole; Mikutta, Christian; Nemeth, Diana; **Richter, Kneginja**; Schilling, Claudia; Sebestova, Martina; Spath, Marian M; Nissen, Christoph; Wetter, Thomas C

Restless Legs Syndrome Prevalence and Clinical Correlates Among Psychiatric Inpatients: A Multicenter Study. *Frontiers in Psychiatry*, 2022. DOI: 10.3389/fpsyt.2022.846165

Импакт фактор: 4,7 · **Тип:** оригинален научен труд · **Улога:** коавтор

Мултицентрична студија за преваленцата и клиничките корелати на синдромот на немирни нозе (RLS) кај хоспитализирани психијатриски пациенти. Се испитува колку често се јавува RLS и со кои дијагнози и лекови е поврзан. Посебно се анализира улогата на психофармаколошката терапија. Резултатите укажуваат на потребата од систематски скрининг за RLS во психијатријата.

11. Pourhassan, Jasmin; Sarginson, Jane; Hitzl, Wolfgang; **Richter, Kneginja**

Cognitive function in soccer athletes determined by sleep disruption and self-reported health, yet not by decision-reinvestment. *Frontiers in Neuroscience*, 2022. DOI: 10.3389/fneur.2022.872761

Импакт фактор: 4,3 · **Тип:** оригинален научен труд · **Улога:** последен (сениор) автор

Студијата ги испитува факторите што ја одредуваат когнитивната функција кај фудбалери. Се анализира влијанието на нарушеното спиење, самопроценетото здравје и склоноста кон „decision-reinvestment“. Резултатите покажуваат дека когнитивната функција е поврзана со нарушувањето на

спиењето и здравствената состојба, но не и со „decision-reinvestment“. Трудот го нагласува значењето на спиењето за спортските перформанси.

12. Spiegelhalder, Kai; Baumeister, Harald; Al-Kamaly, Abdulwahab; Bader, Martina; Bauereiss, Natalie; Benz, Fee; Braun, Lina; Buntrock, Claudia; Burkhardt, Maike; Cuijpers, Pim; Domschke, Katharina; Dülsen, Patrick; Franke, Marvin; Frase, Lukas; Heber, Elena; Helm, Kathrin; Jentsch, Terry; Johann, Anna; Küchler, Ann-Marie; Kuhn, Michael; Lehr, Dirk; Maun, Andy; Morin, Charles M; Moshagen, Morten; **Richter, Kneginja**; Schiel, Julian; Simon, Laura; Spille, Lukas; Weeß, Hans-Günter; Riemann, Dieter; Ebert, David Daniel

Comparative effectiveness of three versions of a stepped care model for insomnia differing in the amount of therapist support in internet-delivered treatment: study protocol for a pragmatic cluster randomised controlled trial (GET Sleep). *BMJ Open*, 2022. DOI: 10.1136/bmjopen-2021-058212

Импакт фактор: 2,9 · **Тип:** оригинален научен труд · **Улога:** коавтор

Трудот го опишува протоколот на прагматична кластер-рандомизирана контролирана студија (GET Sleep). Се споредуваат три верзии на моделот на „stepped care“ за лекување на несоница, кои се разликуваат според степенот на терапевтска поддршка при интернет-базираниот третман. Целта е да се утврди најефикасниот и најисплатливиот начин за примена на дигитална когнитивно-бихејвиорална терапија за несоница во примарната заштита. Студијата е национален мултицентричен проект.

13. Miloseva, L; **Richter, Kneginja**

Impact of neurostimulation and psychotherapy on mental health. *Frontiers in Psychology*, 2022. DOI: 10.3389/fpsyg.2022.992634

Импакт фактор: 3,8 · **Тип:** едиторијал · **Улога:** последен (сениор) автор

Едиторијал на тематската збирка (Research Topic) посветена на влијанието на невростимулацијата и психотерапијата врз менталното здравје. Се дава преглед на објавените трудови и нивниот придонес кон полето. Се нагласува потенцијалот од комбинирање на невростимулациските методи со психотерапевтските интервенции. Трудот ги поставува насоките за идни истражувања.

14. Licht, Christiane; Ruttmann, Axel; Hillemacher, Thomas; **Richter, Kneginja**

Use of repetitive transcranial magnetic stimulation in the treatment of catatonia. *Journal of Psychiatry & Neuroscience*, 2022. DOI: 10.1503/jpn.220052

Импакт фактор: 4,3 · **Тип:** приказ на случај · **Улога:** последен (сениор) автор

Приказ на случај за примена на повторувачка транскранијална магнетна стимулација (rTMS) во лекувањето на кататонија. Се опишува клиничкиот тек, протоколот на стимулација и одговорот на терапијата. Трудот укажува на rTMS како можна алтернатива кога стандардните третмани не се доволно ефикасни или не се применливи. Се дискутира потребата од понатамошни систематски студии.

15. Richter, Kneginja; Rodenbeck, A

Current developments in sleep research and sleep medicine: an assessment of the chronobiology taskforce. *Somnologie*, 2022. DOI: 10.1007/s11818-022-00368-2

Импакт фактор: 1,4 · **Тип:** прегледен труд · **Улога:** прв автор

Прегледниот труд претставува проценка на тековните случувања во истражувањето на спиењето и медицината на спиењето од аспект на работната група за хронобиологија. Се разгледуваат нови сознанија за циркадијалните ритми и нивното значење за здравјето. Се дискутираат импликациите за клиничката пракса и превенцијата. Трудот ги идентификува приоритетите за идни истражувања.

16. Kellner, S; **Richter, Kneginja**

Insomnia in pregnancy - a systematic review. *Somnologie*, 2022. DOI: 10.1007/s11818-022-00342-y

Импакт фактор: 1,4 · **Тип:** прегледен труд · **Улога:** последен (сениор) автор

Систематски преглед на литературата за несоницата во текот на бременоста. Се анализираат преваленцата, причините и последиците од нарушеното спиење кај бремени жени. Се разгледуваат и можностите за безбедно нефармаколошко лекување. Трудот укажува на значењето на навременото препознавање на несоницата за здравјето на мајката и детето.

17. Richter, Kneginja; Arzt, M

The COVID-19 pandemic and sleep. *Somnologie*, 2022. DOI: 10.1007/s11818-022-00355-7

Импакт фактор: 1,4 · **Тип:** едиторијал · **Улога:** прв автор

Едиторијал за влијанието на пандемијата COVID-19 врз спиењето. Се опишуваат промените во навиките на спиење, стресот и нарушувањата на спиењето предизвикани од пандемијата. Се укажува на значењето на спиењето за имунитетот и менталното здравје. Трудот ги воведува тематските прилози на ова издание.

2021

18. Acker, Jens; Golubnitschaja, Olga; Büttner-Teleaga, Antje; **Richter, Kneginja**

Wrist actigraphic approach in primary, secondary and tertiary care based on the principles of predictive, preventive and personalised (3P) medicine. *EPMA Journal*, 2021. DOI: 10.1007/s13167-021-00250-5

Импакт фактор: 8,836 · **Тип:** оригинален научен труд · **Улога:** последен (сениор) автор

Трудот ја анализира примената на актиграфијата на зглобот во примарната, секундарната и терцијарната здравствена заштита. Анализата е заснована на принципите на предиктивна, превентивна и персонализирана (3P) медицина. Се дискутира како објективното мерење на ритамот спиење–будност може да придонесе кон рано откривање и следење на болестите. Се даваат препораки за клиничка имплементација.

19. Richter, Kneginja; Kellner, Stefanie; Hillemacher, Thomas; Golubnitschaja, Olga

Sleep quality and COVID-19 outcomes: the evidence-based lessons in the framework of predictive, preventive and personalised (3P) medicine. *EPMA Journal*, 2021. DOI: 10.1007/s13167-021-00245-2

Импакт фактор: 8,836 · **Тип:** прегледен труд · **Улога:** прв автор

Прегледен труд за поврзаноста меѓу квалитетот на спиењето и исходите од болеста COVID-19. Се анализира улогата на спиењето во имунолошкиот одговор и отпорноста кон инфекции. Сознанијата се поставени во рамката на предиктивна, превентивна и персонализирана (3P) медицина. Се предлагаат мерки за подобрување на спиењето како дел од превенцијата.

20. Richter, Kneginja; Zimni, Melanie; Tomova, Iva; Retzer, Lukas; Höfig, Joachim; Kellner, Stefanie; Fries, Carla; Bernstein, Karina; Hitzl, Wolfgang; Hillemacher, Thomas; Miloseva, Lence; Acker, Jens

Insomnia Associated with Tinnitus and Gender Differences. *International Journal of Environmental Research and Public Health*, 2021. DOI: 10.3390/ijerph18063209

Импакт фактор: 4,614 · **Тип:** оригинален научен труд · **Улога:** прв автор

Студијата ја испитува поврзаноста меѓу несоницата и тинитусот, со посебен осврт на половите разлики. Се анализира колку често пациентите со тинитус имаат нарушувања на спиењето и како тие се поврзани со тежината на тинитусот. Се утврдуваат разлики меѓу мажите и жените во оптовареноста. Резултатите укажуваат на потребата од родово-сензитивен пристап во третманот.

21. Büttner-Teleagă, Antje; Kim, Youn-Tae; Osel, Tiziana; **Richter, Kneginja**

Sleep Disorders in Cancer-A Systematic Review. *International Journal of Environmental Research and Public Health*, 2021. DOI: 10.3390/ijerph182111696

Импакт фактор: 4,614 · **Тип:** прегледен труд · **Улога:** последен (сениор) автор

Систематски преглед на нарушувањата на спиењето кај пациенти со карцином. Се анализираат зачестеноста и видовите нарушувања, како несоница и нарушувања на дишењето во спиење. Се разгледуваат причините поврзани со болеста и онколошката терапија. Трудот го нагласува значењето на дијагностиката и лекувањето на нарушувањата на спиењето во онкологијата.

22. Richter, Kneginja; Peter, Lukas; Rodenbeck, Andrea; Weess, Hans Günter; Riedel-Heller, Steffi G; Hillemacher, Thomas

Shiftwork and Alcohol Consumption: A Systematic Review of the Literature. *European Addiction Research*, 2021. DOI: 10.1159/000507573
